Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 20 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Велес за 2025 година („Службен гласник на Општина Велес“ бр. 15/24), член 5 став 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година,

Советот на Општина Велес на 64-та седница одржана на ден _.05.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за одобрување на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година**

1.Се одобрува исплата на финансиски средства од Буџетот на Општина Велес за 2025 година во висина од _____ денари, на име еднократна парична помош на Здружението Џуниор Ачивмент Македонија за учество на Европскиот фестивал за претприемништво и достигнувања на младите во Европа (натпревар во најдобри ученички компании) кој ќе се одржи во Атина,Грција.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес за 2025 година, Програма А-Совет на Општина Велес, Потпрограма А0 – Совет на Општина Велес, категорија 41, ставка 413 потставка, 413110 – тековни резерви.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Велес да го изврши наведеното решение и да ги исплати одобрените средства.

4. Ова Решение влегува во осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Од страна на Здружението Џуниор Ачивмент Македонија до Советот на општина Велес на ден 14.05.2025 година доставено е барање со архивски број 08-2769/1 за добивање на финансиски средства за потребите за покривање на трошоците за учество на националниот тим на Европскиот натпревар во Атина, Грција.

Согласно член 5 став 1 алинеја 1 од Правилникот за утврдување на критериуми за доделување финансиски средства од Буџетот на Општина Велес со бр.25-3143/8 од 01.07.2022 година, од страна на Комисијата за Буџет и локален економски развој при Советот ќе се предложи висината на средствата по основ учество на натпревар од областа на образованието.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 14 -05- 2025
Орг. един: 08- | Број: 2769/1 | Прилог: 1 | Вредност:



До Градоначалник и советот на Општина Велес

адреса: ул. „Панко Брашнаров“ бр.1, 1400 Велес
Преку електронска пошта: opve@veles.gov.mk

Предмет: **Барање за финансиска поддршка на средношколци од Велес во износ од 1000 евра**




## Настан: **Европски натпревар во најдобри ученички компании во Атина, Грција, 01-03 јули 2025 год.**

Gen-E[1] кој ќе се одржи од 01 до 03 јули 2025 г. во Атина, Грција е најголемиот фестивал на Џуниор Ачивмент Европа, кој го слави претприемништвото и достигнувањата на младите во Европа.

Услов за учество на овој Европски натпревар е победата на Националниот натпревар за најдобра ученичка компанија, организиран од Џуниор Ачивмент Македонија, кој се одржа во М6, Едукативен центар, Скопје на 7 мај 2025 година.

Со задоволство Ве информираме дека ученичка компанија од средното училиште ОСУ „Јовче Тесличков“ под име „Playful Pages“ во состав:

- Ива Петровска– III година
- Ангела Анастасова– III година
- Симона Крстевска– III година
- Максим Чукниев и – III година
- Искра Ризовска – III година,

со нивната наставничка менторка Радмила Андовска, го освои првото место на Националниот натпревар за најдобри ученички компании за учебната 2024/2025 година.

[1] Генерација – Е (од англиските зборови European, entrepreneurs, entrepreneurship) Овој настан овозможува илјадници ученици и студенти, од 41 земја членка на мрежата, да ги претстават своите иновативни бизнис идеи пред врсници, големи светски компании и бројни општествени, бизнис и политички чинители.

Националниот натпревар на ученички компании е настан на кој учениците пред широката јавност и жири комисијата ги претставуваат производите и услугите кои ги развивале во рамки на својата компанија во текот на учебната година. Натпреварот опфати 14 ученички компании од 12 средни училишта од државата. Учествуваа 65 средношколци и нивните наставници-ментори од Берово, Битола, Велес, Богданци, Прилеп и Скопје.

**Победничкиот тим ќе има можност да се претстави на Европскиот натпревар на ученички компании, кој оваа година ќе се одржи во Атина, Грција.**

**Потребите за покривање на трошоците за учество на националниот тим на Европскиот натпревар во Атина, Грција се:**

- 7 авио билети за: пет (5) средношколци, еден (1) наставник и еден (1) претставник од канцеларијата на ЏА Македонија. Вкупно за авио билети 2,100 €.
- Котизација за 3 дневен престој (800 € по ученик, 850 € за наставник/возрасен) или вкупно за котизација 5,700 евра. **Вкупно очекувани трошоци 7,800 €.**

Досега се обезбедени 5,800 €, останува да собереме уште 2,000 € за да се реализира патувањето.

**Од таа причина го молиме советот при општина Велес да ја разгледа нашата молба и доколку одобри одреден износ да го префрли на нашата** жиро сметка бр. 250-0310003058-68, депонент Шпаркасе Банка, на Здружението Џуниор Ачивмент Македонија.

Ве охрабруваме да инвестирате во образованието на младите!

Настанот ќе биде промовиран на сите македонски социјални медиуми и весници, кои ќе им овозможат промоција на вашиот град, општина и регион како некој кој ги испраќа најдобрите ученици на натпревари на европско ниво.

Учеството на Европскиот натпревар 2025 за учениците и наставникот-ментор ќе биде награда за нивната работа во текот на годината и ќе создаде можност за размена на искуства и идеи, вмрежување со други наставници и ученици. Организацијата Џуниор Ачивмент Македонија е член на светската мрежа Junior Achievement Worldwide, основана 1919 г. денес присутна во повеќе од 120 земји. Оваа мрежа ги спроведува програмите за претприемничко образование и финансиска писменост кои секоја година ги посетуваат повеќе од 10 милиони луѓе и која оваа година е номинирана за Нобеловата награда за мир.

Во тек е регистрација на учениците на онлајн платформата и потребна уплата до 8 јуни и се надеваме на што поитен одговор на нашето барање од ваша страна.

Во надеж на разбирање и поддршка на мисијата на Џуниор Ачивмент Македонија, Ве каниме да ја поддржите креативноста на младите!

Со почит,

ЏУНИОР АЧИВМЕНТ МАКЕДОНИЈА

Љупка Панчевска
Извршен директор,
Џуниор Ачивмент Македонија

Главна причина за млбата е дека ученичката компанија од средното училиште **ОСУ „Јовче Тесличков" од Велес** под име „Playful Pages" е победник на овогодишниот национален натпревар, во состав:

- Ива Петровска– III година
- Ангела Анастасова– III година
- Симона Крстевска– III година
- Максим Чукниев и – III година
- Искра Ризовска – III година,

со нивната наставничка менторка Радмила Андовска, го освои првото место на Националниот натпревар за најдобри ученички компании за учебната 2024/2025 година.
Победникот ќе патува на настан кој ќе се одржи од 01 до 03 јули 2025 г. во Атина, Грција на најголемиот фестивал на Џуниор Ачивмент Европа, кој го слави претприемништвото и достигнувањата на младите во Европа.
Услов за учество на овој Европски натпревар е победата на Националниот натпревар за најдобра ученичка компанија, организиран од Џуниор Ачивмент Македонија, кој се одржа во М6, Едукативен центар, Скопје на 7 мај 2025 година.
Националниот натпревар на ученички компании е настан на кој учениците пред широката јавност и жири комисијата ги претставуваат производите и услугите кои ги развивале во рамки на својата компанија во текот на учебната година. Натпреварот опфати 14 ученички компании од 12 средни училишта од државата. Учествуваа 65 средношколци и нивните наставници-ментори од Берово, Битола, Велес, Богданци, Прилеп и Скопје.
Победничкиот тим ќе има можност да се претстави на Европскиот натпревар на ученички компании, кој оваа година ќе се одржи во Атина, Грција.
Потребите за покривање на трошоците за учество на националниот тим на Европскиот натпревар во Атина, Грција се:

- 7 авио билети за: пет (5) средношколци, еден (1) наставник и еден (1) претставник од канцеларијата на ЏА Македонија. Вкупно за авио билети 2,100 €.
- Котизација за 3 дневен престој (800 € по ученик, 850 € за наставник/возрасен) или вкупно за котизација 5,700 евра. **Вкупно очекувани трошоци 7,800 €.**

Досега се обезбедени 5,800 €, останува да собереме уште 2,000 € за да се реализира патувањето.
**Од таа причина го молиме советот при општина Велес да ја разгледа нашата молба и да одобри 1000 евра.**
Истите може да ги префрлите на нашата жиро сметка бр. 250-0310003058-68, депонент Шпаркасе Банка, на Здружението Џуниор Ачивмент Македонија.
Ве охрабруваме да инвестирате во образованието на младите!
Настанот ќе биде промовиран на сите македонски социјални медиуми и весници, кои ќе им овозможат промоција на вашиот град, општина и регион како некој кој ги испраќа најдобрите ученици на натпревари на европско ниво.
Учеството на Европскиот натпревар 2025 за учениците и наставникот-ментор ќе биде награда за нивната работа во текот на годината и ќе создаде можност за размена на искуства и идеи, вмрежување со други наставници и ученици. Организацијата Џуниор Ачивмент Македонија е член на светската мрежа Junior Achievement Worldwide, основана 1919 г. денес присутна во повеќе од 120 земји. Оваа мрежа ги спроведува програмите за претприемничко образование и финансиска писменост кои секоја година ги посетуваат повеќе од 10 милиони луѓе и која оваа година е номинирана за Нобеловата награда за мир.

**Во тек е регистрација на учениците на онлајн платформата и потребна уплата до 8 јуни и се надеваме на што поитен одговор на нашето барање од ваша страна.**

Во надеж на разбирање и поддршка на мисијата на Џуниор Ачивмент Македонија, Ве каниме да ја поддржите креативноста на младите!

Со почит,

**Никола Балов**

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

| Примено: | 14 -05- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| | 08 -2769/1 | 1 | |

| | |
|---|---|
| **From:** | Сања Давчев |
| **Sent:** | понеделник, 12 мај 2025 14:28 |
| **To:** | Никола Балов; Марија Чатмова |
| **Subject:** | FW: До Градоначалник и советот на Општина Велес |
| **Attachments:** | Барање фин поддршка до Општина Велес.pdf |


**Сања Давчев**
**Општина Велес**
ул. Панко Брашнар 1, 1400 Велес, Република Македонија
тел: +389 43 232 406; факс: +389 43 232 966
www.veles.gov.mk

**Sanja Davcev**
**Municipality of Veles**
ul. Panko Brashnar 1, 1400 Veles, Republic of Macedonia
tel: +389 43 232 406; fax: +389 43 232 966
www.veles.gov.mk


---

**From:** Општина Велес <opve@veles.gov.mk>
**Sent:** Monday, May 12, 2025 2:27 PM
**To:** Марко Колев <marko.kolev@veles.gov.mk>; Марија Чатмова <marija.catmova@veles.gov.mk>; Сања Давчев <sanja.davcev@veles.gov.mk>
**Subject:** FW: До Градоначалник и советот на Општина Велес

Sent from my Galaxy

-------- Original message --------
From: Ljupka Panchevska <ljupka@jamacedonia.mk>
Date: 5/12/25 14:16 (GMT+01:00)
To: Општина Велес <opve@veles.gov.mk>
Cc: Melita Veljanoska <melita@jamacedonia.mk>, Teodora Gurmesheva <teodora@jamacedonia.mk>
Subject: До Градоначалник и советот на Општина Велес

Почитувани,

Од името на Џуниор Ачивмент Македонија, невладина организација која работи со и за младите во Македонија би сакала Советот на општина Велес да го разгледа нашето барање во прилог.

М-р Љупка Панчевска/ M.Sc. Ljupka Panchevska
Извршен директор/ CEO
Џуниор Ачивмент Македонија /Junior Achievement Macedonia
Скопје, Т: +38971335428
www.jamacedonia.mk

---

Напомена: Општина Велес
Оваа електронска порака (вклучувајќи ги и прилозите) е доверлива и може да биде заштитена со правни привилегии. Доколку не сте лицето на кое таа му е наменета пораката, не треба да ја копирате, дистрибуирате или да ја откривате нејзината содржина, туку веднаш да ја препратите до испраќачот и да ја избришете оригиналната порака и сите нејзини копии од Вашиот компјутерски систем. Секое неовластено користење на оваа порака во целост или делови од истата е строго забрането. Ве молиме да забележите дека електронските пораки се подложни на промени. Општина Велес не презема одговорност за несоодветно или нецелосно пренесување на информациите содржани во оваа комуникација, ниту пак за било какво задоцнување на приемот или оштетувања на вашиот систем.
Ве молиме не ја печатете оваа порака освен ако не е неопходно! Зачувајте ја природата!

Disclaimer: Municipality of Veles
This e-mail (including any attachments) is confidential and may be protected by legal privilege. If you are not the intended recipient, you should not copy it, re-transmit it, use it or disclose its contents, but should return it to the sender immediately and delete your copy from your system. Any unauthorized use or dissemination of this message in whole or in part is strictly prohibited. Please note that e-mails are susceptible to change. Municipality of Veles shall not be liable for the improper or incomplete transmission of the information contained in this communication nor for any delay in its receipt or damage to your system.
Please, do not print this e-mail unless it is necessary! Think about saving the environment!

---

Напомена: Општина Велес
Оваа електронска порака (вклучувајќи ги и прилозите) е доверлива и може да биде заштитена со правни привилегии. Доколку не сте лицето на кое таа му е наменета пораката, не треба да ја копирате, дистрибуирате или да ја откривате нејзината содржина, туку веднаш да ја препратите до испраќачот и да ја избришете оригиналната порака и сите нејзини копии од Вашиот компјутерски систем. Секое неовластено користење на оваа порака во целост или делови од истата е строго забрането. Ве молиме да забележите дека електронските пораки се подложни на промени. Општина Велес не презема одговорност за несоодветно или нецелосно пренесување на информациите содржани во оваа комуникација, ниту пак за било какво задоцнување на приемот или оштетувања на вашиот систем.
Ве молиме не ја печатете оваа порака освен ако не е неопходно! Зачувајте ја природата!

Disclaimer: Municipality of Veles
This e-mail (including any attachments) is confidential and may be protected by legal privilege. If you are not the intended recipient, you should not copy it, re-transmit it, use it or disclose its contents, but should return it to the sender immediately and delete your copy from your system. Any unauthorized use or dissemination of this message in whole or in part is strictly prohibited. Please note that e-mails are susceptible to change. Municipality of Veles shall not be liable for the improper or incomplete transmission of the information contained in this communication nor for any delay in its receipt or damage to your system.
Please, do not print this e-mail unless it is necessary! Think about saving the environment!